ФЗОРСМ
FSSHRMV

**Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија**
**Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut**

**Број:**
**25.02.2020 2020 година**
**Скопје**

**До:**
**-Лекарска комора на Македонија**
**-Здружение на приватни лекари на Република Македонија**
**- Лекарски комсии во Подрачните служби на Фондот**

**Копие до: Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија**
**Подрачна служба --------------------------------**

**Предмет: Известување за правилна примена на одредбите од Законот за здравствено осигурување за надоместок на плата по основ нега на дете до тригодишна возраст и по основ неопходно придружување на болно дете до тригодишна возрат додека е на болничко лекување**

Почитувани,

При тековно разгледување на предмети кои се однесуваат на право на надоместок на плата за време на привремена спреченост за работи поради нега на дете до тригодишна возраст како и за право на надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради неопходно придружување на болно дете до тригодишна возраст додека е на болничко лекување, од страна на Фондот се констатира дека одредени избрани лекари како и членови на лекарските комисии во Фондот при своето работење не прават разграничување на овие два основи на спреченост за работа.

Врз основа на погоре констатираната фактичка состојба, а со цел правилна примена на законските прописи Фондот укажува на следното:

Согласно член 13 од Законот за здравствено осигурување, осигурениците кои се во работен однос може да користат привремена спреченост за работа по повеќе основи. Во ИСР образецот, меѓу останатите основи се обележани посебно основите на спреченост за работа и тоа: со број-04 (негување на болно дете до тригодишна возраст) и со број-07 (неопходно придружување на болно дете до тригодишна возраст).

Со член 17 став 1 и 2 од законот, предвидено е дека висината на надоместокот на плата за време на привремена спреченост за работа ја определува работодавецот, односно Фондот со општ акт, но најмалку во висина од 70% од основицата за надоместокот на плата. По исклучок висината на надоместокот на плата за време на привремената спреченост за работа предизвикана со повреда на работа, професионална болест, за време на давање крв, ткиво или


Адреса: Ул. Македонија, бр. 5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Faks: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk
www.fzo.org.mk
[1] 03-4466/1 [2020]

орган, како и за време на отсуство поради бременост, раѓање и мајчинство изнесува 100% од основицата на надоместокот на плата утврдена според член 16 на овој закон.

Со член 18 став 1 и 2 од законот, е предвидено дека надоместокот на платата за првите 30 дена спреченост за работа го утврдува и исплатува работодавецот од своите средства, а над 30 дена Фондот. По исклучок надоместокот на плата се исплатува од средствата на Фондот од првиот ден на привремената спреченост за работа во случај на нега на болно дете до тригодишна возраст, доброволно давање крв, ткиво или орган, а за отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство од средствата на Буџетот на Република Македонија.

Од горе наведените одредби произлегува дека Законот за здравственото осигурување прави разграничување на привремената спреченост за работа по основ негување на болно дете до тригодишна возраст и по основ неопходно придружување на болно дете до тригодишна возраст додека е на болничко лекување, но најмногу до 30 дена и тоа:

1.Во случај кога осигуреникот – родителот кој е во работен однос користи право на надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради негување на болно дете до тригодишна возраст (член 13 став 1 точка 4 од ЗЗО), надоместокот следува од прв ден на товар на Фондот во висина од 70% од основицата за надоместок на плата ( член 17 став 1 и член 18 став 2 од ЗЗО).

2. Во случај кога осигуреникот – родителот кој е во работен однос користи право на надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради неопходно придружување на болно дете до тригодишна возраст додека е на болничко лекување, најмногу до 30 дена (член 13 став 1 точка 7 од ЗЗО), надоместокот за привремената спреченост за работа е на товар на средствата на работодавецот ( член 18 став 1од ЗЗО).

Во праксата се јавуваат случаи кога осигуреникот започнал да користат боледување по основ - нега на болно дете до тригодишна возраст (член 13 став 1 точка 4 од ЗЗО), **каде исплатата на надоместокот е од прв ден на спреченоста на работа на товар на Фондот**, а потоа во континуитет продолжува да користат боледување за кое требало да биде издаден нов ИСР образец со променет основ-неопходно придружување на болно дете до тригодишна возраст додека е на болничко лекување, најмногу до 30 дена (член 13 став 1 точка 7 од ЗЗО), **каде исплатата на надоместокот требало да биде на товар на работодавецот.**

Исто така поради тоа што избраниот лекар не издал нов променет ИСР образец, доведува до тоа Лекарските комисии во Фондот да утврдат погрешна фактичка состојба и понатаму продолжуваат да ги водат овие случаи по првиот основ - нега на дете до тригодишна возраст.

Имено со тоа што избраниот лекар не направил разграничување на овие два основа, односно не издал нов ИСР образец за новиот основ на спреченост за работа, доведува до тоа осигуреникот неосновано да продолжи да користи надоместок по погрешен основ (нега на дете до тригодишна возраст) на товар на средствата на Фондот, наместо по новиот основ каде исплатата на средствата треба да биде на товар на работодавецот.

Со оглед дека горенаведените одредби од Законот за здравствено осигурување кои ја регулираат оваа материја се во примена од 2000-та година и досега нема измени и дополнувања на истите, како сериозни учесници во процесот на остварување на право на осигуреникот за надоместок на плата, Ви укажуваме да се придржувате на позитивните прописи, со цел осигурените лица законито и правично да ги остваруваат правата од задолжителното здравствено осигурување, со примена на начелото на еднаквост во постапките за исплата на надоместокот на плата.

За да бидат навремено информирани сите чинители во процесот на издавање на боледување, потребно е Лекарска комора на Македонија преку ЗПРЛМ ова Известување да го проследи до своите членови кои работат како избрани лекари од дејноста општа медицина.

Се задолжуваат раководителите на подрачните служби на Фондот да го доставаат ова Известување до членовите на лекарските комисии кои работат на подрачјето каде се наоѓа седиштето на подрачната служба на Фондот.

Со почит,

**Директор**
**Данаил Дончев**

**Директор/Drejtor**
**Orhan Ramadani**

Изготвиле:
м-р. Даниела Јовческа – Ѓуровска
Емилија Божиновска
Согласен:
Јасмина Смилевска


Адреса: Ул. Македонија, бр. 5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Faks: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk
www.fzo.org.mk

ФЗОРСМ
FSSHRMV

Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut

Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut

Адреса: Ул. Македонија, бр. 5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkup

Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Faks: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk
www.fzo.org.mk